САЊА СТОШИЌ

# ТРАДИЦИОНАЛНИ ЗАНАЕТИ ВО СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА

## СТАРА СКОПСКА ЧАРШИЈА

Во централниот дел на Скопје, на просторот меѓу Калето и Саат-кулата, кон реката Вардар, лоцирана е Старата Скопска Чаршија. Таа е една од најголемите зачувани урбанистички целини од ваков вид на Балканот. Претставува фрагмент од еден комплексен, архитектонски и урбан настан од минатото и е единствен жив документ за Скопје и за неговото живеење, растежот и паѓањето[1], раскошноста и битисувањето низ вековите.

Нејзиното создавање датира од средниот век. Својот расцут го доживеала во времето на турското владеење.

Како главно јадро на градот, се развивала и стагнирала заедно со него, менувајќи го името од Безистен во Покриена Чаршија, па Турска Чаршија, до денешното - Стара Чаршија. Нејзините улички биле тесни, криви и калдрмисани или покриени со штици, а дуќаните со ќепенци.

Денес таа спаѓа меѓу најголемите Чаршии на Балканот од типот на ориенталните Чаршии, со многубројни историски споменици од монументалната архитектура. Во својот историски развој претрпувала значителни штети од катастрофалните пожари и земјотреси, до големите поплави, кои оставиле длабоки траги врз изгледот на Чаршијата. Настрадала многу в опожарувањето на Скопје во 1689.

---

[1] Тихомир Арсовски, Мимоза Томиќ: "Стара Чаршија" - Скопје" (урбанистички проект),

Зборник на Музејот на град Скопје II-III, Скопје 1965.

година од страна на австрискиот генерал Пиколомини. Последните големи оштетувања биле предизвикани од земјотресот во 1963. година.[2]

Основни и доминантни гранки биле, а и денес се: занаетчиството, трговијата и угостителството, од кои занаетчиството и давало особен тон и белег на Чаршијата.

До првата половина на 19. век егзистирале околу 60 видови знаети, а во времето на својот најголем подем Чаршијата собирала околу 2150 дуќани со деведесетина занаети организирани во еснафи.[3]

Секој еснаф имал своја строго реонизирана сопствена чаршија што го носела и името на еснафот, а секој еснаф си имал своја управа и печат. Тие биле поделени по вероисповед на: христијански, муслимански и мешани.[4] Христијански еснафи биле: папуџискиот, чевларскиот, златарскиот, кујунџискиот, казанџискиот, самарџискиот, екмеџискиот идр. Муслимански еснафи биле: табачкиот, сарачкиот, берберскиот, пушкарскиот и ковачкиот, а мешани; бакалскиот, терзискиот и мутавџискиот.[5]

Но, денес и покрај големата раздвиженост во Чаршијата, поради големиот број угостителски објекти, занаетите се поинтензивно исчезнуваат. Старите занаетчии тврдат дека занаетите изумираат, не поради тоа што нема потреба од нивните производи, туку затоа што кај младите не постои интерес за зачувување на традицијата, како и поради големите давачки и нелојалната конкуренција.

Во Старата Скопска Чаршија се уште опстојуваат: папуџискиот, свеќарскиот, занаетот за производство на пецива со наут* и занаетот за изработка на музички жичани инструменти.

## ПАПУЏИСКИ ЗАНАЕТ

Еден од најразвиените и најдоминантни занаети во Старата Скопска Чаршија бил папуџискиот. За постоењето на папуџискиот еснаф и папуџии мајстори во Скопје, се говори во записите на Манастирот Матка од 16. век.[6]

При крајот на 19. век. В. К'нчов говори дека папуџиите во Скопје биле организирани во папуџиски еснаф кој имал свој печат и во кој

---

[2] Свето Стаменов, Иска Чоловиќ, Хорбај Драшко, Киро Попов; "Поглед врз Старата Скопја Чаршија", Скопје 1997.

[3] Свето Стаменов, Искра Чоловиќ, Хорбај Драшко, Киро Попов: "Поглед врз Старата СкопксаЧаршија", Скопје 1997.

[4] Тихомир Арсовски: "Стара Скопска Чаршија", Скопје 1971.

[5] Тихомир Арсовски: "Стара Скопска Чаршија", Скопје 1971.

* *наут* - непечена леблебија

[6] А.М.Селишчев,"Македонские кодики 16.-17. веков", Слфија 1933.

биле олфатени 80 папуџиски дуќани. Во нив работеле близу 500 мајстори, калфи и чираци.[7]

Папуџиите верувале дека Св. Спиридон го измислил нивниот занает и ги направил првите папучи, па во негова чест тој ден, 25. декември е еснафската слава. Денес во Старата Скопска Чаршија има голем број папуџиски дуќани, но Киро Китановски е единствен мајстор - папуџија кој се уште рачно изработува папучи. Во 1973. година го изнајмува денешниот дуќан во Чаршијата во кој работи сам.

Тој порано изработувал папучи од разни материјали, од кои ќе ги споменеме "кованата" и "шиената" кои се изработувале некаде до шеесетите години од овој век.

Денес изработува само еден вид папучи. Оваа папуча, која самиот Китановски је нарекува "обична везена папуча" се изработува на следниот начин: се зема мустра на која се лепи платно, потоа на предната страна се лепи сомот, а од страните се става кожа ја викаат кожици.

За изработка на овие папучи се користи следниот алат;[8]

- чекан за чукање,
- нож за кроење,
- тргачки клешти,
- калапи,
- воздушни преси за лепење,
- ножици за кроење,
- з'мба за правење окца.

## СВЕЌАРСКИ ЗАНАЕТ

Свеќарот, или како што уште се нарекува мумџија, изработува и продава свеќи. При крајот на 19. век во Скопје постоел мумџиски (свеќарски) еснаф. Овој еснаф го славел Св. Пророк Данило.[9]

Иако свеќата се помалку е присутна во животот на современиот човек, благодарение на традицијата и верските обичаи, свеќарскиот занает се уште не е потполно заборавен.

Денес во Старата Скопска Чаршија има два свеќарски дуќани, од кои едниот се занимава исклучиво со продажба, а во другиот кој што е сопственост на Љубе Петрушевски, покрај продажбата, застапена е и изработка на свеќи.

---

[7] Васил К'нчов, "Град Скопие - бележки за неговото настојаше и минало"

[8] Зоран Атанасовски, 'Папуџиите во Скопската ЧаљрШија некогаш и денс', Етнолог 4-5, Скопје 1994

[9] Милош Константинов - Зорка Делиниколова: "Занаетчиство изанаетчиски организации".

За потеклото на занаетот, тој вели: "Три генерации од нашата фамилија се занимаваат со овој занает. Мојот дедо, Митре Петрушевски кој го учел занаетот во Прилеп, во 1919 година прв го донесува занаетот во Скопје, а тој е воедно и основач на денешната митрополија (свеќоливница на македонската епископија) која се бави со производство на свеќи исклучиво за црквите. Занаетот го наследува мојот татко и во 1954. година го купува денешниот дуќан во Скопската Чаршија. Јас го превземам занаетот во 1978 година."

Љубе Петрушевски во својот дом, во посебна средена просторија сам изработува свеќи. За нивната изработка потребно е:

- восоко кој се набавува од приватните пчелари,
- парафин (нафтен дестилат) кој се набавува од рафинериите,
- памучен конце (фитил) кој се набавува од текстилните фабрики.

Свеќите се изработуваат рачно и машински. Машината е составена од два тапана со зглобно тркало и корито во кое се става стопената смеса.

*Начин на изработка на декоративни свеќи:* Калапот се моделира во зависност од формата на свеќата и во него се става парафинот обоен во разни бои и етеричен мирис.

*Начин на изработка на славски (жолти) свеќи:* Во казан се става смеса од парафин и восок, со која рачно се поливаат конците, се до саканата дебелина. Овој начин на изработка кај свеќарите се нарекува "поливање на славски свеќи со помош на обрач".

Покрај свеќите за родендени, свадби, велигденски, за слави, крштевки, продава и икони, кандила, темјан, пливки за кандила и проскурник.

## ПРОИЗВОДСТВО НА ПЕЦИВА СО НАУТ

Еден од најразвиените занаети поврзани со исхраната бил екмеџискиот или лебарскиот занает. Од лебарите, во текот на 19. век се издвоиле симитчиите кои проиведувале симити, ѓевреци и погачи со наут.

Во Скопје, до 1980 година скоро сите фурни користеле наут.

Денес, Илија Ристевски е единствен во Македонија кој во својата фурна "Бит Пазар" во Скопје. Во 1964 година го изнајмува дуќанот "Бит Пазар", каде почнува со производството.

Наутот е важен за добивање на маја која се користи при правење пецива. Правењето на мајата се одвива на следниот начин: наут во мала количина се дроби во поситни зрна, се става на дното на стерилизирирано шише и се попарува со врела вода. Шишето се обвиткува со волнена крпа и се става да стои на топло цела ноќ. Сабајлето шишето се одвиткува и пената што се фатила над водата се замесува со посте-

пено додавање на брашно и млака вода. Тоа тесто потоа се користи за маја. Самата изработка е рачна, освен еден миксер кој се користи за да се измеси тестото. Од овој тип маја се прават ѓевреци, симити и погачи. Наутлија погачата денес се прави само по нарачка. Македонците ја купуваат за Велигден, а Муслиманите за Бајрам.

## ЗАНАЕТ НА ИЗРАБОТКА НА МУЗИЧКИ ЖИЧАНИ ИНСТРУМЕНТИ

Во Македонија музички жичани инструменти почнале да се изработуваат во почетокот на 20. век. Прв мајстор кој изработувал музички жичани инструменти бил Јордан Саздов. Тој во почетокот изработувал тамбури, мандолини и гитари, а подоцна и виолини. Занаетот го продолжува неговиот ученик Иван Гиевски кој покрај гитари изработувал и тамбури, мандолини и басови со многу добар квалитет. Во 1958 година го купува дуќанот во Старата Скопска Чаршија каде денес работат неговите синови Љубомир и Димитар Гиевски.

Браќата Гиевски претежно го продавале своите инструменти во Источноевропските земји. Нивната тамбура се користи во многубројни културно-уметнички друштва, како во Македонија, така и надвор од нејзините граници. Таа е изложена во Националниот музеј во Осло. Бидејќи фамилијата Гиевски биле единствени кои се занимавале со овој занает, тие немале свој еснаф. Имале заеднички еснаф со столарите и нивен празник бил Св. Апостол Тома.

*Материјал и алат за изработка на музички жичани инструменти*: Основен материјал за изработка на музички жичани инструменти е дрвото. Дрва кои најчесто се користат се: јавор, круша, орев и цреша, додека за предните делови на инструментот се користи смреково дрво. Останати материјали се разни лакови, лепила, жици и целулоид за рабовите.

*Машини за обработка на дрвото се:*

1. Рамначка - машина за рамнење
2. Дебеларка - машина за стругање
3. Дупчалка - машина за правење дупки
4. Чинолика точалка - машина за сечење на помали делови на дрво.

*Главен алат кој се користи при изработката* е: пила, струг, длето, челична плочка, дурпии, стегачи и туткалница (сад за држење лепак).

*Посебни алати* се; вилушка, развртка, специјална острилка, пила, специјална стега, специјална мала стега и з'мба.

## ЗАКЛУЧОК

За жал, старите занаети полека, но сигурно изумираат. Оние кои што се уште постојат ја губат својата функција на вешти мајстори и производители и се оддаваат на повносна работа - трговијата.

Оние занаети кои успеале до денес да се задржат се основно обележја на Старата Скопска Чаршија и големо богатство за македонската културна ризница.

ИНФОРМАТОРИ

1. Киро Китановски роден 1919 во Скопје
2. Љубе Петрушевски роден 1949 во Скопје
3. Иле Ристовски роден 1934 во с. Орах, Кумановско
4. Љубомир Гиевски роден 1947 во Скопје
5. Димитар Гиевски роден 1949 во Скопје

Sanja Stošić

## TRADITIONAL CRAFTS IN OLD SKOPJE'S DOWNTOWN

Summary

In the central part of Skopje, on the space between Kale and Saat-Kula (Clock Tower), towards the Vardar River, there is the Old Skopje's Downtown. It dates from Middle Age, having changed name from Bezisten to Pokrivena Čaršija (Covered Downtown), through Turkish Downtown, to present - Old Downtown.

Nowadays it is one of the largest oriental type downtowns on the Balkans, with a number of historical monuments of monumental architecture.

In its historical development it suffered significant damages due to disastrous fires and earthquakes. In 1689 fire of Skopje put up by Austrian general Pikolomini, Downtown was almost completely destroyed.

Basic and predominating economic fields werea and still are; crafts, trade and catering, crafts being the ones to give a special tone and spirit to the Downtown.

The crafts were organised in guilds which had their administration and seal. The guilds were divided on basis of religion to; Christian, Moslem ad mixed ones.

Presently the crafts are increasingly passing away. The reason for this is not the lack of need for their products, but the non existence of interest for preservation of tradition with young people, as well as high taxes and disloyal competition.

The crafts which still survive in Old Skopje'e Downtown are: making of slippers, candles, rolls with chick-pea (unbaked chick-pea) and the craft of making string musical instruments.

The 16th century legacies from Monastery Matka speak about the existence of slippers making craft. Slippers makers believed that Saint Spiridon made the first slippers, so that in his honour 25th December was pronounced for patron's day of their guild.

Presently Kiro Kitanovski is the only craftsman - slipper maker who still makes slippers manually.

Thanks to the tradition and religious customs, candle-making craft has not been completely forgotten yet. The candle-makers guild celebrated Saint Prophet Daniel.

Ljube Petruševski, owner of candle-making shop makes and sells candles. He makes candles manually and on machines. In addition to saint patron's day, decorative, birthday, wedding, baptismal and Easter candles he produces himself, he also sells icon lamps, icons, "plivkas", incense and "proskurnik".

In 19th century from bread makers there separated makers of "simit", rolls with a hole in the centre and round unleavened flat breads with chick-pea. Chick-pea is important for obtaining "maja" which is used when making the rolls.

Presently Ilija Ristevski is the only person in Macedonia who produces in his shop "Bit Pazar" the rolls with chick-pea. Making is manual, with the exception of one mixer used for dough kneading.

In the shop he sells rolls with a hole in the centre, "simits" and chick-pea round flat breads which are made only to order.

Making of string music instruments in Macedonia dates from the beginning of 20th century. The Gievski family were the only ones who dealt with this craft. They made; tamburitzas, mandolines, guitars and basses. Presently only the tamburitzas are made, only to order. Tamburitza is used in numerous cultural-artistic associations, both in Macedonia and out of its borders. Tamburitza made by the Gievski brothers is exhibited in National Museum in Oslo.

Old crafts pass away slowly but with certainty. Those crafts which have managed to survive until now are the basic quality of Old Skopje's Downtown and are a great treasure of Macedonian cultural heritage.



*Сл. 1) Ст̄ара Скоп̄ска Чаршија*



*Сл. 2) Ст̄ара Скоп̄ска Чаршија*



*Сл. 3) Алат за изработка на папучи*




*Сл. 4) Обични везени папучи за продавање*



*Сл. 5) Стариот изглед на свеќарскиот дуќан*



*Сл. 6) Денешен изглед на свеќарскиот дуќан*



*Сл. 7) Илија Велев со своите ученици во дуќанот за изработка на пецива со наут*



*Сл. 8) Надворешен изглед на дуќанот за изработка на музички жичани инструменти*



*Сл. 9) Тамбура*